Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**СКОПЈЕ**

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр. 44-4040/1
5.9.2017 година

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

**ИЗВАДОК**
**од Нацрт – записникот од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 5.9.2017 година**

**„ТОЧКА 10:** Информација за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија, во рамките на буџетот на Министерството за здравство

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија, во рамките на буџетот на Министерството за здравство и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство, во консултација со Министерството за финансии во буџетот на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија за 2018 година, да предвиди 103.000.000 денари за обезбедување континуирана антиретровирусна терапија за пациентите со ХИВ и одржување на програмите за превенција кај клучните популации засегнати од ХИВ, врз основа на експертските процени.

2. Се задолжува Министерството за здравство, до крајот на 2018 година да воспостави функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија наменети за клучните популации засегнати од ХИВ кои ги спроведуваат граѓанските организации.

3. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Агенцијата за лекови, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје, а во консултација со здруженијата на пациентите, во рок од 60 дена да свика консултативен состанок и да спроведе координација со цел поттикнување на регистрација на неопходните антиретровирусни лекови во Република Македонија, можно проширување на позитивната листа со овие лекови и изнаоѓање стратегија за обезбедување најниска можна цена при набавка на истите.“

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- Министерство за финансии
- Фондот за здравствено осигурување на Македонија
- Агенцијата за лекови
- ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Зоран Брњарчевски/Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска